Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 31 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19 и 54/19), а постапувајќи по Барањето за престанок на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија, УП1 бр.12-10/18 од 9 мај 2019 година на МАКСТИЛ Акционерско друштво за производство и трговија со производи за црна металургија Скопје, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 31 мај 2019 година донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Лиценцата за вршење на енергетската дејност трговија со електрична енергија на МАКСТИЛ Акционерско друштво за производство и трговија со производи за црна металургија Скопје, издадена со Одлука УП1 бр.12-10/18 од 28 март 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/18) ПРЕСТАНУВА по барање на носителот.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

МАКСТИЛ Акционерско друштво за производство и трговија со производи за црна металургија Скопје, на 9 мај 2019 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), врз основа на член 31, став (1) точка 1) од Правилникот за лиценци, поднесе Барање за престанок на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија, УП1 бр.12-10/18 од 9 мај 2019 година (во натамошниот текст: Барање).

Согласно член 8, став (5) од Правилникот за лиценци Регулаторната комисија за енергетика на 14 мај 2019 година на својата веб страница објави Соопштение за поднесеното Барање.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 10, став (1) од Правилникот за лиценци изготви Предлог-Одлука со образложение.

Регулаторната комисија за енергетика, во постапката по Барањето го примени член 32 од Правилникот за лиценци кој предвидува скратена постапка.

Предлог-Одлуката со образложение беше објавена на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика на 27 мај 2019 година.

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика и член 31 став (3) од Правилникот за лиценци, Регулаторната комисија за енергетика на ден 31 мај 2019 година одржа седница на којашто донесе Одлука за престанок на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија на МАКСТИЛ Акционерско друштво за производство и трговија со производи за црна металургија Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 12-10/18**
**31 мај 2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Марко Бислимоски**

изготвил / контролирал: Мирјета Тахири